# З А П И С Н И К

## од 23-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 23 ти јуни 2023 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 11.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 13 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација. Отсутни беа советниците Лазар Ангелов и Мила Дончева .

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 23-тата редовна седница, Претседателот на Советот,покрај другите точки Претседателот на Советот, предложи дополнување со уште три точки и тоа:

1. Предлог-Одлука за одобрување на финансиска поддршка за реализација на спортска манифестација -меморијален турнир во мал фудбал,,НАЧО 2023,, Пирава Валандово
2. Предлог Одлука за сопствено учество на Општина Валандово во реализација на: Е-полначи за електрични возила.:Техничка документација
3. Предлог-Решение за разрешување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално -финансиското работење на ЈП,,Комунален сервис,,Валандово

По дополнувањето беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истото беше ставено на гласање и изгласано едногласно со 13 гласа ЗА.

По дополнувањето ова беше предложен следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година;
2. Предлог - Одлука за одобрување средства на КУД „Гоце Делчев“ Валандово за учество на интернационален фолклорен фестивал во Лазаревац, Република Србија;
3. Предлог - План за измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2023 година;
4. Предлог – Одлука за утврдување приоритет на Проектот „Изградба на пат за поврзување на регионален пат Р-1105 со населено место Горна Мала, Општина Валандово“;
5. Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година;
6. Предлог-Решение за именување на претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово;
7. Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово;
8. Предлог-Одлука за одобрување на финансиска поддршка за реализација на спортска манифестација -меморијален турнир во мал фудбал,,НАЧО 2023,, Пирава Валандово
9. Предлог Одлука за сопствено учествона Општина Валандовово реализација проект:Е-полначи за електрични возила.:Техничка документација
10. Предлог-Решение за разрешување на член на Надзорниот одборза контрола на материјално -финансиското работење на ЈП,,Комунален сервис,,Валандово

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и едногласно со 13 гласа ЗА беше усвоен.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година образложение имаше градоначалникот Перо Костадинов.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Рече дека веќе по втор пат се доставува барање за пренамена на средства од ООУ,,Страшо Пинџур,, без образложение. Праша како е дојдено до ова да се бара пренамена на средства, самиот подносител на барањето, директорот на училиштето треба да даде образложение, на кој се исплаќа, дали е со договор на дело, дали се плаќа пензиско и инвалидско осигурување, туку има само барање за пренаменуваат средства во износ од 140 000 денари во други договорни услуги.

Градоначалникот одговори дека во барањето е образложено од која ставка се пренаменува. Рече дека се работи за исти средства за иста намена, само се пренаменува од ставката за привремени вработувања во други договорни услуги.

Немаше други пријавено за дискусија па Одлуката за измена на распоредот на средства беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Предлог - Одлука за одобрување средства на КУД „Гоце Делчев“ Валандово за учество на интернационален фолклорен фестивал во Лазаревац, Република Србија во износ од 60 000 денари никој немаше пријавено за дискусија и беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 3

По Предлог - Планот за измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2023 година беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Забележа дека се работи за нови вработувања во наредната година дури 15 , поради зголемен обем на работа во Локалната самоуправа.

Градоначалникот даде одговор дека овие вработувања ги има веќе години station наназад и измените на систематизацијата ќе се донесе после некој месец и тоа е поради законските обврски и насоки од некои министерства за работни места кои треба да ги има. Општина Валандово има ограничен број на вработени според бројот на жители. Треба да се спомне дека тука се вбројани и вработените од ТППЕ.

Јулија Тушевска се јави за контра реплика. Рече дека не е спорно што од министерствата има насоки за вработување, но бројот на вработени во Општина Валандово треба да се намали поради тоа што општината енормно ни се иселува, бројот на жители се намалува, веќе скоро е преполовен од тоа што сме биле. Кога веќе се спомнува ТППЕ рече дека таа капа им симнува на тие луѓе бидејќи тие се чинители кои прават летата да ни бидат помирни.Го праша градоначалникот што има направено за овие 6 години за ТППЕ . Дали има вложено малку повеќе од тоа што беше претходно вложено или се оставени да се справуваат со тоа што го имаат. Колку од тие возила што ги има ТППЕ се функционални, дали самите пожарникари се заштитени и колку, дали имаат соодветни обуки кои порано на 4 години се спроведуваа. Со овој план рече дека доколку истиот се оствари за 45 % ќе се зголеми бројот на вработените во општината и ќе се направи превработеност, а претходно се тврдеше дека има превработеност во јавната администација и истата треба да се намали. Праша кои капацитети се направени за да можат луѓето да се вработат се со цел да се намали невработеноста. Не е работата сите да се вработуваат во Општината и во Комуналниот сервис.Треба да се запрашаме дали навистина се работи на надминување на тоа што е претходно се говорело и како е сега моментално.

Градоначалникот се јави повторно и рече дека тој навистина е добронамерен и дискутира за годишен план за вработување, додека таа бега од дневниот ред. Наведе дека зголемените законски обврски значат и зголемен број на вработени. А кога веќе се спомнува иселувањето на Општината рече дека доаѓа и до опаѓање на бројот на ученици и дали според тоа треба да се намали и бројот на наставници.Додаде дека администрацијата на општина Валандово работи професилонално иВаландово беше прва општина која гоизготви Пра-вилникот за плати на ТППЕ кој беше инвестирање во човековото достоинство и потоа истиот беше превземен од други општини. Според него не треба луѓето да се делат партиски.

Јулија Тушевска се јави за реплика. Рече дека со сето ова искажано градоначалникот пробува да биде ироничен, да деградира и кажува дека се прави циркус, а прашањето беше која суштинска инвестиција е донесена во Општината која ќе допринесе да се вработат барем 50 луѓе и да нема се иселување. Рече дека во Валандово се се сведе на шминка и фризерај, а требаат инвестиции за вработување на граѓаните.Се

согласува со тоа дека секој треба да живее достоинствено, па и пожарникарите, но праша колку општината има вложено сопствени средства во ТППЕ, дали пожарникарите кога одат на терен, одат со исправни возила.

Градоначалникот ја повика на смиреност и да нема ваков настап кој наликува на циркус на седница на Совет кој се деградира и се злоупотребува за тесно партиски интереси. Рече дека Валандово и валандовчани знаат што се прави и што е направено. Рече дека валандовската администрација не работи лицемерно. Можеби нема некој голем инвестициски проект, но има кажано стоп за некој капитален проект кој ќе ја претвореше општината во рударски град. Го спомна само огромниот проект кој има вредност од 26 000 000 денари, систем за наводнување на земјоделски површини.Рече дека лесно е да се манипулира со граѓаните, но овде не е место. Тоа може да се направи на медиумите, Радио Валандово.

Немаше други пријавено за дисусија , па Предлог - Планот за измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2023 година беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 4

По Предлог – Одлуката за утврдување приоритет на Проектот „Изградба на пат за поврзување на регионален пат Р-1105 со населено место Горна Мала, Општина Валандово“
Градоначалникот даде образложение.

Беше отворена расправа .Никој не се јави за збор па точката беше изгласана со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година образложение имаша Ѓоко Аврамски. Никој не се јави за збор па точката беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Предлог-Решение за именување на претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово образложение имаше Надица Недиќ. Рече дека Јасмина Давидовалиева е предложена од страна на Министрееството за труд и социјална политика.

Немаше пријавено за дискусија , па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА , 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 7

По Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово излагање имаше Стефан Димитров, вработен во општинската администрација.

Беше отворена расправа.Никој не се јави за збор па точката беше и изгласана со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог Одлуката за финансиска поддршка на меморијалниот турнир ,,Начо 2023 година,, во износ од 60 000 денари немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог Одлуката за сопствено учество на Општина Валандово за изработка на техничка документација -проект за вградување на 6 полначи за електрични автомобили преку Центар за југоисточен плански регион во износ од 944 долари за сите 10 општини во регионот

Немаше никој пријавено за дискусија па точката беше изгласана едногласно со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог решението за разрешување на член на Надзорен одбор за материјално и финансиско работење на ЈП Комунален сервис поради поднесена оставка немаше пријавено за дискусија , па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 13 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше заклучена.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков